СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: „Гниди“, „Паразити“, „Сатана“: Како токсичниот говор стана нормален дел од јавниот дискурс

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: „Гниди“, „Паразити“, „Сатана“: Како токсичниот говор стана нормален дел од јавниот дискурс

Токсичниот политички дискурс во Северна Македонија и понатаму е присутен во медиумите, поттикнат од силната поларизација и анонимноста на социјалните мрежи. Во периодот помеѓу 29 септември и 22 декември 2024 година, преку ЕООН платформата извршивме следење на вкупно 238 објави (n=238), при што беа добиени сознанија за тоа каков е говорот на омраза насочен кон политичките претставници.

Истражувањето беше спроведено од Институтот за комуникациски студии (ИКС) во соработка со Textgain и имаше за цел да ги процени нивоата на штетни и токсични наративи насочени кон политички личности и присутни на Фејсбук, Твитер и ТикТок.

Клучни констатации

1. **Платформи и токсичност**
    - **Фејсбук:** Доминира во сетот на податоци но покажа различни нивоа на токсичност. Во делот за коментари кај објавите на политичките кандидати честопати се забележуваше употреба на токсичен јазик.
    - **ТикТок:** И покрај тоа што учествува со само 1% во вкупните објави, најголемиот дел од токсичните пораки се присутни токму на оваа платформа.

2. **Примери за токсичен говор**
    - Лични напади врз кандидатите:

      Под Фејсбук објавата на претседателката Гордана Силјановска-Давкова во врска со одбележување на 23 октомври 2024 година, Ден на македонската револуционерна борба, можат да се забележат коментари како што се:

- *„Фикус Пендаровски“* (термин кој го омаловажува поранешниот претседател Стево Пендаровски како декоративна фигура која нема никакво влијание).
- *„Марионета“,* што имплицира недостаток на одлучност во донесувањето одлуки од страна на актуелната претседателка Гордана Силјановска-Давкова.

Слично на тоа, под објавата на Канал 5 ТВ на Фејсбук од 26 октомври 2024 година се забележаа неколку токсични коментари:

- *„Македонско зло“*, погрдна референца насочена кон ВМРО-ДПМНЕ.
- *„Слушај Мицко, говедо“*, насочено кон него и неговото партиско раководство.

- **Дехуманизирачка реторика:**

  Термините како *магаре*, *гомно* и *паразити* се појавуваа на платформите, честопати насочени кон политичките групи или нивните лидери. Друг пример е фразата сатана што се користи за дехуманизирање на поранешната владејачка политичка партија, СДСМ („Ти си сатаната“).

- **Повикувања на насилство и војна:**

  Коментари со термини како што се *убиство* и *закана* беа забележани на ТикТок, не на другите платформи, што укажува на постоење на повисок степен на анимозитет помеѓу корисниците на оваа платформа, иако репрезентативниот примерок за ТикТок беше драстично помал од другите платформи (со 1% од вкупните идентификувани објави).

3. **Тенденции и теми**

- Нормализирано политичко непријателство: Фразите како *зајко* (деминутив што се користи за исмејување на поранешниот премиер Зоран Заев), *бандит, окупатори, магаре* и *напад* постојано беа присутни во објавите, покажувајќи со тоа колку многу е непријателството вкоренето во политичкиот дискурс.

Методологија

Процесот на собирање податоци ја користеше онлајн платформата за говор на омраза на ЕООН во соработка со Textgain. За анализа беа избрани вкупно 238 пораки кои беа обезбедени од секциите за коментари, не од официјалните објави направени од политичките партии или од самите кандидати. На овој начин фокус беше ставен на јавниот дискурс. Оваа платформа користеше автоматизирани алатки, заедно со човечки надзор, за да ги извлече релевантните пораки кои содржат токсични елементи. Овие елементи беа идентификувани како такви врз основа на однапред дефинирани категории како што се: вулгарности, потсмев, презир, расизам, сексизам, политика, религија, закани и невистини.

Објавите беа собрани од Фејсбук (97%), Икс (3%) и ТикТок (1%). Сите објави се напишани на македонски јазик а просечната оценка за токсичност е 0,08. Иако ниту една објава не ја надмина оценката за токсичност од 0,8, клучните зборови и темите кои се повторуваат го истакнаа постоењето на системско непријателство кое беше забележано во онлајн дискурсот во анализираниот период.

Анализата вклучуваше автоматизирани лингвистички алатки и човечки надзор со цел да се идентификуваат вулгарноста, заканите и политички заостреният говор на омраза.

Дискусија

Примерите наведени погоре го истакнуваат вознемирувачкото нормализирање на говорот на омраза присутен во македонскиот политички дијалог. Честата употреба на термини како што се *Фикус Пендаровски* или *ВмроГниди* е пример за тоа како токсичниот јазик ја поткопува суштинската дебата така што се фокусира на лични напади наместо на политиката.

Слично на тоа, употребата на насилен и дехуманизирачки јазик како што се *убиство, паразити* и *сатана* не само што ги оцрнува противниците, туку и ризикува да поттикне непријателство во интеракциите кои постојат во реалниот свет. Овие трендови го поткопуваат квалитетот на јавниот дискурс, односно го заменуваат конструктивниот дијалог со непријателство и поларизација.

Платформата ТикТок, и покрај тоа што е помала во овој конкретен контекст, постои како забележително жариште за пораки кои содржат висок степен на токсичност, барем во анализираниот временски период.

Заклучок

Оваа студија на случај ја нагласува сеприсутната природа на политичкиот говор на омраза во С. Македонија. Употребата на конкретни навреди како што се *Фикус Пендаровски* и *ВмроГниди* покажува на кој начин на интернет се врши дехуманизација на јавните личности, поткопувајќи го со тоа нивниот кредибилитет и обесхрабрувајќи го граѓанскиот ангажман.

Токсични категории кои беа анализирани

Во контекст на пораките кои беа насочени кон претседателските кандидати анализирани беа следниве токсични елементи:

- **Вулгарност:** Употреба на вулгарен јазик со цел да се понижат кандидатите.
- **Исмејување:** Коментари наменети за исмејување на кандидатите, честопати врз основа на нивниот пол или возраст.

- **Презир:** Изразување презир или непочитување, често поврзано со политички или лични карактеристики.
- **Расизам:** Иако поретко е присутен, одредени пораки сепак содржеа етнички навреди или референци.
- **Сексизам:** Родови навреди или коментари насочени кон поткопување на кандидатите поради нивната полова припадност.
- **Политика:** Политички навреди кои најчесто се поврзани со определбите на ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ.
- **Верска припадност:** упатувања на религијата во погрден или понижувачки контекст.
- **Закани:** Пораки кои содржат директно или имплицирано насилство.
- **Невистини:** Дезинформации или лажни тврдења за кандидатите.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти